Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 382//0306
18.11 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11.11.2025 година, врз основа на примена жалба од **Дејан Сипковски** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА – МЕДИУМОТ ПОСТАПИЛ ПО БАРАЊАТА НА ЖАЛИТЕЛОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

Жалителот до СЕММ на 17.10.2025 г., упати жалба за фотографијата и објавата од најава на интернет за тоа што ќе се чита во следниот број на Фокус, а која е поврзана со случајот со експлозија во Белград во која загина македонскиот државјанин Сипковски, објавени од интернет порталот на Фокус (focus.mk) на 16.10.2025 г., при што се жали на нарушена приватност и непочитување на презумпција на невиност и меѓу другото наведува:

„Во објава објавена на Вашиот медиум на датум 16.10.2015, е објавена фотографија на мојот син, без негова или семејна согласност, во контекст на текст што содржи недокажани и непотврдени информации поврзани со наводни кривични дела.

Иако во текстот не е спомнато неговото име, фотографијата овозможува негова јасна идентификација, со што се нарушува неговото право на приватност, достоинство и презумпција на невиност, загарантирани со член 8 и член 13 од Европската конвенција за човекови права, како и со Кодексот на новинарите на Македонија (членови 7 и 8). Со самата објава, без официјални докази, судска пресуда или изјава од надлежен орган, Вашиот медиум создава лажен јавен впечаток на вина, што претставува тешка повреда на професионалните новинарски стандарди“.

Во жалбата на СЕММ не му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот, туку само скриншот од фотографијата), но го има образложението на жалителот.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок му беше доставен одговор од медиумот во кој се наведува дека е постапено по барањето на жалителот:

„Почитувани, веднаш штом го видов дописот од семејството Сипковски, со барање да се отстрани фотографијата од нивниот син, ставена како илустрација за најава на текст за неделникот со наслов: Српски криминални групи регрутираат и млади Македонци: „За суми од 20.000 до 50.000 евра добиваат нарачки за убиства“, истата беше отстранета. Не станува збор за новинарска грешка, но бидејќи како најава одеше само мал дел од текстот

објавен во неделникот, а не во целост, имав разбирање за реакцијата и загриженоста на семејството Сипковски, и ја заменив фотографијата" – се наведува во одоговорот од медиумот, потпишан од Валентина Вурмо.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби одлучи да не утврдува прекршување за најавата на текстот со наслов: **Српски криминални групи регрутираат и млади Македонци: „За суми од 20.000 до 50.000 евра добиваат нарачки за убиства"**, објавен на веб сајтот на неделникот Фокус на 16.10.2025 г., бидејќи медиумот самиот ја корегирал грешката врз основа на барањата на жалителот и ја отстранил фотографијата како што барал жалителот.
.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за најава за текст поврзан со информации околу смртта на македонски државјанин во Белград при нејасни околности на активиран експлозив – вест со лимитиран јавен интерес.

Поаѓајќи од одговорот на медиумот, Комисијата констатира дека редакцијата сторила сé што е во нејзината моќ веднаш да одговори на барањата на жалителот, пред Комисијата да расправа за случајот. Редакцијата ја тргнала фотографијата од најавата за текстот што потоа е објавен и во печатеното издание на неделникот Фокус.

Бидејќи оваа постапка е направена веднаш по сознанието на медиумот за барањата на жалителот и денови пред да расправа Комисијата на жалби при СЕММ, Комисијата оцени дека нема потреба да утврдува прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија. Медиумот постапил токму во духот на саморегулацијата чија крајна цел е зголемување на довербата меѓу јавноста и медиумите

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595